


**ДЕЛ ОД ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН**

Македонската православна црква (МПЦ) игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји. По обновувањето на самостојноста на Охридската архиепископија во 1958 година и на автокефалноста во 1967 година, МПЦ направи силен пробив меѓу бројното македонско иселеништво од сите делови на Македонија во прекуокеанските земји САД, Канада и Австралија, како и меѓу Македонците во денешната Европска унија и во други земји.

МПЦ е организирана преку своите епархии: Американско-канадската и Австралиската-македонска православна епархија која беше формирана во 1967 година, а која во 1974 година е поделена на: Американско-канадска и Австралиска епархија, во чија диоцеза денес е и Нов Зеланд, а од 2016 година постои и Сиднејско австралиска епархија Од 1984 година постои и Македонска православна епархија за Европа.

Авторот Славе Николовски-Катин ја подготви публикацијата ***„Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД“,*** во издание на НИО „Нова Македонија“, Скопје, 1991, а која содржи 192 страници, во соработка на Панде Колемишевски, чиј рецензенти беа академик Блаже Ристовски и митрополитот Кирил. Таа е трето дело на Славе Катин и прв и скромен историски обид за периодизација на македонските православни цркви и манастири во прекуокеанските земји.

На про-мо-цијата во „Сарајот“ во Ресен, по повод осумте века на црквата „Св. Ѓорѓи“ во Курби-ново, академик Блаже Ристовски, тогашен потпретсдател на експертската влада на Македонија и претседател на Комисијата за односи со верските заедници рече:

*„Катин дава глобален преглед од појавата на македонските пра-во-славни црковни општини до современиот црковен живот на маке-дон--ски-те доселеници во прекуокеанските земји, САД, Канада и Ав-стра-лија. Активното духовно и културно-просветно живеење на Македонците во дијаспората, наметнува, во определен обем и време, низа суштински праша-ња што се однесуваат на вистината за Ма-ке-дон-ската православна црк-ва и за македонскиот народ во минатото и за сегашните состојби во ма-кедонските православни црковни општини надвор од Републиката.*

*Во ова дело, Катин настојува да го осветли историскиот и раз-вој-ниот пат на македонските православни црковни општини и на ма-ке-дон-ските иселеници во прекуокеанските земји. Поточно, да го фокусира она место во македонската црковно-национална историја, за кое се из-бо-ри-ле самите македонски иселеници.*

*Оттука, во подготовката на книгата се користени научни трудови, публи-кации, извештаи, писма, разговори и други извори поврзани со оваа тема. Но, и покрај тоа, Катин е свесен дека ова негово дело не претендира на исцрпност, заради што и очекува дополнувања и сугестии кои би ги збо-гатиле сознанијата за активностите, животот и историјата на маке-дон-ското иселеништво, од сите делови на Македонија и на македонските пра-вославни цркви и црковни општини во Австралија, Канада и САД“,* истакна д-р Ристовски.

Инаку, Првата инцијатива за МПЦ се роди во Мелбурн, Австралија, во 1956 година. Новоизградениот храм „Свети Ѓорѓи“ е првата МПЦ освете-на од ма--кедонски владика. Веќе во 1962 година е поставен камен-те-мел--ник на МПЦ „Свети Петар и Павле“ во Гери – Индијана во САД, а во 1964 го---дина на црк-вата „Свети Климент Охридски“ во Торонто, Канада.

Во публикацијата „*Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД”* е напишано дека во нашето духовно и културно живеење

последните години сé поевидентен е недостигот од еден, макар и глобален, преглед: од појавата на македонските православни црковни општини до современиот црковен живот на македонските доселеници во прекуокеанските земји, САД, Канада и Австралија.

Активното духовно и културно-просветно живеење на Македонците во дијаспората разгледува, навистина, во определен обем и време, низа суштински прашања што се однесуваат на вистината за Македонската православна црква и за македонскиот народ во минатото и за сегашните состојби во македонските православни општини надвор од Република Македонија.

При подготвувањето на материјалот, а текстовите за црковните општини со изведени скратувања на материјалите кои беа објавувани во весникот „Нова Македонија“ од Скопје, се користени публикации, списанија, научни трудови, писма, разговори, извештаи и друг вид материјали, што се однесуваат на животот и активностите на македонските православни црковни општини и на македонските доселеници во прекуокеанските земји. Оваа публикација не претендира на исцрпност, туку, напротив, таа само ги поткрепува наводите и констатациите изречени при третирањето на одделни прашања за значењето и улогата на Македонската Свети - Климентова православна црква.

***Продолжува***



***ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН***